## БОЛЕСТИ НА ЗАБИТЕ И ЕНДОДОНТОТ – I ДЕЛ КАРИОЛОГИЈА

автор: **Љупка Матовска**

издавач: **„Сигмапрес", Скопје, 2001**

Во 2001 година од печат излезе книгата „Кариологија", којашто е прв дел на предметот Болести на забите и ендодонтот, од авторот Љупка Матовска, во издание на „Сигмапрес".

Книгата е напишана на 198 страници и е илустрирана со 115 слики.

Кариологијата има цел да ги проследи основните принципи за препарација на кавитетите, при што се презентирани најновите ставови, како и етиолошките, дијагностичките и терапевтските аспекти, со коишто се овозможува целосна реконструкција на кариозниот заб, во морфолошка, функционална и естетска смисла.

Материјалот којшто е презентиран во овој учебник е во согласност со предвидениот план и со програмата за VI семестар по предметот Болести на забите и ендодонтот.

Трудејќи се обработениот материјал да биде што поразбирлив за студентите во почетните семестри од изучувањето на овој предмет, дадени се бројни слики, цртежи и примери од клиничкиот дел на работата.

Материјалот во однос на препарацијата на кавитетите е изложен според сè уште актуелните Блекови принципи. Не изостануваат ниту модификациите кои можат да се направат таму каде што тоа го бараат и овозможуваат новите технологии и материјали за реставрација.

Авторот на оваа книга сосема одговорил на поставената цел преку стандардните поглавја изнесени во потребната димензија, и со сите нови можности за санирање на кариозните лезии во техничка, методолошка и реставрациона смисла.

Одделни поглавја во учебников се само информативно обработени, во согласност со потребите на предметот, за да се задоволи целосната слика за материјата која се обработува.

Со својата конципираност, според начинот на обработка на материјалот и приказите, авторот се обидел текстот да го направи што поприступен и разбирлив за студентите кои прв пат се запознаваат со предметот Болести на устата и ендодонтот, со цел да се овозможи полесно совладување на материјалот. Со тоа книгата се класифицира во учебник напишан за студенти, но може да биде корисен и сите оние кои се интересираат за оваа проблематика.

проф. д-р Славјанка Оџаклиевска

# ЕНДОДОНЦИЈА

автор: проф. **д-р Љупка Матовска**

издавач **„Сигмапрес" – Скопје**

Во издание на „Сигмапрес" од Скопје, оваа година беше објавен учебникот **Ендодонција**, од проф. д-р Љупка Матовска.

Книгата содржи 353 страници, во кои тематски и систематизирано се обработени методските единици по ендодонција, кои по својот обем и содржинска концепција ги следат наставните програми и содржини.

Одделни поглавја се распоредени по редослед, синхронизирано, со логична целина на текстот.

Во почетниот дел од учебникот се презентирани основните анатомо-морфолошки, хистолошки и физиолошки карактеристики на пулпата, во релација со факторите на инфламаторните процеси, како есенцијална потреба за да се запознае механизмот на реагирање на пулпата на различни патолошки агенси.

Учебникот е богато илустриран, што текстот го прави разбирлив и достапен.

Во натамошниот дел од учебникот авторот ги изнесува основните постулати на етиолошката условеност на заболувањата на пулпата, нивната дијагностика како многу важен сегмент, а во продолжение ги прикажува одделните заболувања на пулпата, со прикази од сопствената казуистика.

Во учебникот, проф. Матовска им посветува потребно внимание и на другите заболувања и ентитети (регресивни метаморфози на пулпата, ресорпција на корените на забот и сл.), како неопходен сегмент од патологијата на пулпата, што честопати претставува дијагностичка и терапевтска енигма.

Особено внимание авторот му посветува на поглавјето за заболувањата на апикалниот пародонциум, потребната терапија за нив, компликациите, алтернативните методи и можните репарациони процеси.

Во учебникот е инкорпориран и осврт кон општите заболувања и нивната релација со заболувањата на забната пулпа, презентирани на јасен и концизен начин, како суштествен потсетник за терапевтското насочување.

Функционалните и структурните аномалии на забите, исто така, се составен дел од учебникот, со приказ на примери од лично третирани случаи, како сè поактуелен проблем во секојдневната патологија и терапија.

Во ова издание, авторот се осврнува и на ургентните состојби, во обем колку што е неопходно за намената на учебникот и неговото комплетирање.

Авторот е признат професор и рутиниран специјалист по дисциплината Болести на забите и ендодонтот, така што во книгата многу реално се оценети и сите нови методи, материјали, инструменти, дијагностички методи, што го прави учебникот квалитетен и неопходен за образовниот процес. Стилот со кој е напишан учебникот е јасен, разбирлив, стручен, со намера да се пренесат базичните концепции на ендодонцијата како наука, таа да го добие своето вистинско место и значење, како и со цел да се овозможи правилно селектирање на средствата и насоките за терапија, соодветно концептуализирање и објективизирање на секој одделен ендодонтски проблем.

Книгата е збогатена со најновите литературни податоци презентирани од домашни и странски автори.

Досега не е објавена ваква книга на македонски јазик, со што учебникот **Ендодонција** од проф. д-р Љупка Матовска, овозможува да се комплетира содржинската поставеност на предметот Болести на забите и ендодонтот и да се обезбеди комплетна и компетентна литература од областа на ендодонтската наука.

проф. д-р Мирослава Стевановиќ

# НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ЗА ДЕКАН ВО ЧЕТИРИГОДИШЕН МАНДАТ БЕШЕ ИЗБРАНА

## проф. д-р Марија НАКОВА

На XIII редовна седница на Стоматолошкиот факултет одржана на 14.III 2001 год., на предлог на Комисијата за изготвување листа за можни кандидати за декан и продекани во мандатниот период 2001-2005, проф. д-р Марија Накова беше избрана за декан, а проф. д-р Мирослава Стевановиќ, проф. д-р Јордан Јанев и проф. д-р Ерол Шабанов за продекани на Факултетот.

Во повеќе од четиридецениското постоење на Стоматолошкиот факултет во Скопје, неговата постојана развојна динамика и подем во континуитет, се исполнети со организирани, систематски и творечки напори кои се насочени кон создавање посоодветни, модерни обра-зовни и научно-истражувачки услови.

Пишувајќи за овие именувања, не можеме а да не се осврнеме и на подалечното минато, при што ќе направиме ретроспектива на имињата и личностите кои го воделе Стоматолошкиот факултет од првиот изборен мандат за декан и за продекани сè до денес, со што пред сè ќе им оддадеме признание и должна почит на доајените на македонската стоматологија – проф. д-р Димитар Железаров, проф. д-р Димитар Смилев и академик проф. д-р Илија Васков.

1978/80
проф. д-р Иван Тавчиовски, декан
проф. д-р Благородна Лазаревска, продекан

1980/82
проф. д-р Иван Тавчиовски, декан
проф. д-р Благородна Лазаревска, продекан
проф. д-р Томе Туџаров, продекан

1982/84
проф. д-р Благородна Лазаревска, декан
проф. д-р Томе Туџаров, продекан
проф. д-р Мирослава Стевановиќ, продекан

1984/86
проф. д-р Иван Тавчиовски, декан
проф. д-р Ефтим Мирчев, продекан
доц. д-р Олга Серафимова, продекан

1986/88
проф. д-р Иван Тавчиовски, декан
проф. д-р Томе Туџаров, продекан
проф. д-р Ефтим Мирчев, продекан

1988/90
проф. д-р Ефтим Мирчев, декан
проф. д-р Тодор Бојаџиев, продекан
доц. д-р Слободан Лазаревски, продекан

1990/92
проф. д-р Ефтим Мирчев, декан
проф. д-р Тодор Бојаџиев, продекан
проф. д-р Слободан Лазаревски, продекан

1992/94
проф. д-р Методи Симоновски, декан
проф. д-р Марија Накова, продекан
проф. д-р Слободан Лазаревски, продекан

1994/96
проф. д-р Методи Симоновски, декан
проф. д-р Марија Накова, продекан
проф. д-р Ерол Шабанов, продекан

1996/98
проф. д-р Методи Симоновски, декан
проф. д-р Марија Накова, продекан
проф. д-р Ерол Шабанов, продекан

1998/2000
проф. д-р Марија Накова, декан
проф. д-р Ерол Шабанов, продекан
проф. д-р Мирослава Стевановиќ, продекан

# ПРОФ. Д-Р МАРИЈА НАКОВА, декан



Родена е 1946 година во Радовиш, завршува средно образование, во 1971 година дипломира на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во 1975 г. се здобива со звање специјалист по болести на устата и забите. Со научниот степен магистер на стоматолошки науки на Медицинскиот факултет во Скопје, се здобива во 1976 г., а во 1980 г. станува прв доктор на стоматолошки науки во Македонија. Од 1992 година е редовен професор на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет.

Во нејзината работна биографија се забележуваат низа разновидни стручни и општествени функции. Меѓу другото, раководител е и на Клиниката за болести на устата и пародонтот, а од 1994 до1998 г. е и шеф на оваа катедра. Во периодот 1992-1998 е избрана за продекан, а од 1998 година за декан на Стоматолошкиот факултет.

Нејзиниот ентузијазам и отвореност за научно-истражувачка и професионална соработка била и е поттик и патоказ за повеќе кандидати за магистерски и докторски студии, реализирани под нејзино менторство.

Проф. д-р Накова е инспиратор и активен организатор на повеќе републички манифестации на стоматолозите, собири, конгреси, семинари, симпозиуми.

Несебичната посветеност на научно-истражувачката работа, од најраните искуства во професијата до денес, ги задоволува со целосно предавање, со што ја потврдува приви-легијата на прв доктор по стоматолошки науки во Македонија. Резултат на оваа професионална ориентираност се 174 стручно-научни публикации и два научно-истражувачки проекти со кои проф. д-р Накова го дава својот придонес во унапредувањето на македонската научна мисла. Во 1989 г. била член на уредувачкиот одбор на Македонската стоматолошка библиографија, во 1998 г. е уредник и автор на повеќе поглавија во монографијата „За стоматолошката болка“, од 1997 г. е главен и одговорен уредник на „Македонски стоматолошки преглед“ и во 1999 г. е главен уредник на монографијата „Галерија на кадрите на Стоматолошкиот факултет (1959-1999)“.

Одржувајќи го континуитетот на растот и развојот на Стоматолошкиот факултет и давајќи нови креативни импулси во сите сегменти на неговата дејност, во 2002 г. проф. д-р Накова го реализира и отворањето на додипломските студии на стручни забни техничари и стручни стоматолошки сестри, чија прва генерација е запишана оваа учебна година.

За својата неуморна и плодна дејност проф. д-р Накова добива највисоки признанија и одликувања.

# ПРОФ. Д-Р ЕРОЛ ШАБАНОВ, продекан



Проф. д-р Ерол Шабанов е роден 1947 година, во Гевгелија. Средно образование завршува во Скопје, во МУЦ „Панче Караѓозов", во 1966 год. На Стоматолошкиот факултет во Скопје дипломира во 1971 г., а во 1976 г. се здобива со звањето специјалист по стоматолошка протетика.

Во 1980 год., на Стоматолошкиот факултет во Скопје, го одбранува магистерскиот труд под наслов „Промени во пародонтот како резултат на предвремен допир кај заби со коронки" и се здобива со научниот степен магистер на стоматолошки науки од областа стоматолошка протетика. Три години подоцна, со одбрана на докторската дисертација под наслов „Промени во пародонциумот по експери-ментално предизвикана трауматска оклузија - стереолошка и хистолошка студија кај стаорци", на Стоматолошкиот факултет во Скопје, се здобива со научниот степен доктор на стоматолошки науки од оваа област.

Во 1994 год. е избран за редовен професор на Катедрата за стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Од 1988 до 1996 год. проф. д-р Ерол Шабанов е помошник директор на Стоматолошкиот клинички центар, а во два мандата е избран за продекан на Стоматолшкиот факултет во Скопје и тоа од периодот 1996 - 1998 и 1998 - 2000. Следната 2001 год. по трет пат е избран за продекан на овој Факултет.

Неговиот публицистички опус брои 76 објавени статии.

Од 1990 до 1994 год. е член на Претседателството на Македонското лекарско друштво, а од 1998 до 2000 год. член е на Управниот одбор на Македонското лекарско друштво, а воедно е и негов потпретседател.

За исклучителни резултати во унапредувањето на медицинската наука, практика и развој на здравствената заштита, во 2002 година му е доделена повелбата „д-р Трифун Пановски" од Македонското лекарско друштво.

Од Редакцијата

# ПРОФ. Д-Р МИРОСЛАВА СТЕВАНОВИЌ, продекан



Проф. д-р Мирослава Стевановиќ родена е во 1942 год. во Белград. Основно и средно образование завршува во Скопје, во Гимназијата „Јосип Броз Тито". На Медицинскиот факултет, отсек стоматологија дипломира во 1965 год. Во 1972 год. се здобива со звање специјалист по болести на заби, уста и пародонт.

Хабилитациониот труд под наслов „Клиничка и хистолошка проценка на пулподентинскиот орган при кариес профунда", го одбранува во 1979 год., а со одбраната на докторската дисертација под наслов „Аспекти на реакции на пулпо-дентинскиот орган при некомплицирани кариозни лезии и проценка на нивната реверзибилност", во 1991 год. се здобива со научниот степен доктор на стоматолошки науки од обласга дентална патологија и терапија.

Во 1990 год. таа е избрана за редовен професор на Катедрата за дентална патологија и терапија, а во 1996 год. повторно е избрана во истото звање.

Во 1970 год., два месеца се наоѓа на стручно усовршување во Белград, Србија, кај професор Бергер, а во 1972 г., три месеци престојува во Лион, Франција, кај професор Фридел. Во 1981 год., стручно се усовршува во Братислава, кај проф. Јан Ковотски.

Научно-истражувачкиот интерес на професор Стевановиќ е насочен кон проучувањето на патохистолошките промени, предизвикани од заболувањата на забната пулпа и тврдите забни ткива, со настојување да ја постигне и да ја процени реверзибилноста на тие состојби.

Публицистичкиот опус на професор Стевановиќ опфаќа 77 статии, од кои 74 се објавени во домашни и 3 во странски публикации.

Од 1988 до 1998 год. проф. д-р Мирослава Стевановиќ е управник на Клиниката за дентална патологија и терапија. Од 1992 год. до денес е шеф на Катедрата за болести на забите и ендодонтот. Во периодот од 1982 до 1984 г. е продекан на Стоматолошкиот факултет во Скопје, а од 2001 г. повторно ја извршува таа функција. Професор Стевановиќ е член на Сенатот при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", во мандатните периоди од 1994 до 1996, од 1996 до 1998 год., член е на Комисијата за доделување на звањето примариус при Министерството за здравство во 1998 год., претседател е на Советот на Стоматолошкиот факултет во 1992 год. Во 1970 г. претседател е на Специјалистичката секција за болести на забите и во 1980 год. е претседател на Советот на УЦМН. Во 2002 година претсдател е на Научниот одбор на III Конгрес на стоматолозите од Македонија.

За својата дејност професор Стевановиќ е наградувана со разни одликувања и награди: Орден на трудот со сребрен венец, доделен од Претседателството на поранешна Југославија, повелба „д-р Трифун Пановски" на Македонското лекарско друштво, за исклучителни резултати во унапредувањето на медицинската наука, практика и развојот на здравствената заштита (1997), плакета за јубилејот 30 години Стоматолошки факултет (1989), плакета по повод јубилејот на Македонското лекарско друштво (1995).

# ПРОФ. Д-Р ЈОРДАН ЈАНЕВ, продекан



Проф. д-р Јордан Јанев е роден 1942 година во с. Мечкуевци, Светиниколско.

Средно образование, гимназија завршува во Скопје, во 1960 година. На Медицинскиот факултет – Стоматолошки отсек дипломира во 1964 година.

Во 1974 година се здобива со звање специјалист – орален хирург, а во 1982 година со звање примариус.

Докторската дисертација под наслов „Клинички, рендгенолошки и гнатодинамометриски аспект испитивања реимплантираних зуба" ја одбранува во 1986 година, во Сараево, здобивајќи се на тој начин со звање доктор на стоматолошки науки.

Во 1997 година е избран за редовен професор на Клиниката за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Публицистичкиот опус на проф.д-р Јанев опфаќа 165 стручно-научни статии, 2 научно-истражувачки проекта и една книга.

Раководител на Клиниката за орална хирургија е во периодот 1991 – 199 година и 2001 – 2002 година. На Катедрата по предметот Орална хирургија е шеф од 1991 година.

Претседател на Здружението на орални хирурзи на Југославија е во периодот 1988 – 1992 година.

Член е на Редакцискиот одбор на Македонскиот стоматолошки преглед од 1993 година. Член е на Редакцискиот одбор на стручното списание „Имплантодонти" за орална имплантологија од Межев, Франција од 1990 година. Член е на Европската академија за орална имплантологија со седиште во Париз, од 1990 година. Исто така, член е и на Европската асоцијација за краниомаксилофацијална хирургија од 1998 година. Сенатор е на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во периодот 2002 – 2004 година. Претседател е на Секцијата за орална хирургија при Македонското лекарско друштво од 1991 година.

Во 1980 и 1984 година престојува на стручно усовршување во Париз, Франција. Во 1993 година во Минхен, 1996 год. во Манхајм, а во 2000 година во Нирнберг, Германија каде се наоѓа на стручен престој од областа на оралната имплантологија.

За својата досегашна дејност проф. д-р Јордан Јанев е добитник на повеќе значајни одликувања и признанија, како што се: диплома од Европската академија за орална имплантологија (1990), повелба „30 години Стоматолошки факултет" (1989), плакета „40 години Стоматолошки факултет – Скопје" (1999), повелба „д-р Трифун Пановски" (1998) од Македонското лекарско друштво и други признанија.

# 60-ГОДИШНИЦИ

## ПРОФ. Д-Р МЕТОДИ (НИКОЛА) СИМОНОВСКИ



Професорот д-р Методи (Никола) Симоновски е роден на 18 октомври 1941 год. во с. Гавато – Битола, Р Македонија. Средното образование го завршува во 1960 год. во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Скопје. На Стоматолошкиот факултет во Скопје дипломира во 1965 год. Во 1977 г. се здобива со звањето специјалист по болести на устата и забите.

Со одбраната на докторската дисертација на Стоматолошкиот факултет во Скопје, под наслов „Промени во минералошкиот статус кај заболени од пародонтологија", во 1982 год. се здобива со научниот степен доктор на стоматолошки науки од областа болести на устата и пародонтот.

Во 1965 год. проф. Симоновски прво се вработува, во Здравствената станица на ГП „Маврово" во Скопје. Во 1975 год. се вработува на Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет, а во 1976 г. е избран за асистент на Катедрата за болести на устата и пародонтот; во 1979 г. и 1982 г. е реизбран во истото звање. Во 1983 г. е избран за доцент на оваа Катедра, а во 1988 год. за вонреден професор. Во 1993 год. е избран за редовен професор на Катедрата за болести на устата и пародонтот, а во 1999 год. е реизбран во истото звање.

Долгогодишна преокупација на проф. д-р Методи Симоновски е хируршкиот третман за пародонталните дефекти, особено на мукогингивалните аберации од типот инсуфициентна функционална зона на прикрепена гингива, следена од изолирана гингивална рецесија, несоодветна френулум и плика инсерција, како и несоодветна вестибуларна длабочина, во функција на оптимална естетска морфофункционална реставрација.

Во 1980 г., еден месец е на стручно усовршување во Москва,тогашен СССР, кај проф. д-р Никитина од Централниот научно-истражувачки институт, а во 1980 год. пет месеци престојува на Харвардскиот универзитет во Бостон, САД, кај професорот Голдхејвер. Во 1981 год., професор Симоновски 4 месеци престојува на Државниот универзитет „Колумбус", САД кај професорот Солт, како корисник на Фулбрајтова стипендија.

Публицистичкиот опус на професор Симоновски опфаќа вкупно 102 статии, од кои 90 се објавени во домашни и 12 во странски публикации.

Професорот Симоновски е носител на самостојниот научен проект „Клиничко-биометричка евалуација на слободниот гингивален автотрансплантат" (1987), а соработник е и на научниот проект „Проучување на застапеноста на прогресивната пародонтопатија кај населението во Р. Македонија и некои етио-патогенетски механизми" (1979).

Во 1990 год. проф. д-р Методи Симоновски е советник на Фулбрајтовата асоцијација на стоматолози на поранешна Југославија. Во три мандатни периоди (1992/94, 1994/96, 1996/98) е декан на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Главен и одговорен уредник на стручно-научното списание Македонски стоматолошки преглед е во период од 1993 год. до 1997 год.

Меѓу општествените активности на професор Симоновски треба да се забележи дека тој е член на Републичкиот одбор за доделување на „Климентовата награда" – Скопје, Р Македонија (1994-1996), а повеќе мандати е претседател на Републичката специјалистичка секција по болести на устата на Македонија.

За својата севкупна дејност професор Симоновски е наградуван со разни одликувања и награди, како: Плакета (1990) и Повелба „д-р Трифун Пановски" (1994), признание по повод 50-годишниот јубилеј (1995), сите од Македонското лекарско друштво. Биографијата на проф. Симоновски е објавена во седмото издание на The International Directory of Distinguished Leadership на Американскиот биографски институт (1997), а од страна на овој Институт, таа година е прогласен за „Човек на годината". Во 1999 год. е добитник на Плакета на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", по повод неговиот 50-годишен јубилеј.

проф. д-р Марија Накова

# IN MEMORIAM

## ПРОФ. Д-Р ИВАН ТАВЧИОВСКИ
(1923 - 2001)



Нашиот драг и почитуван проф. д-р Иван Тавчиовски повеќе не è меѓу нас, не е меѓу своите најблиски. Ги напушти сите работни обврски, оставајќи зад себе многу драги роднини, пријатели, колеги, целиот свој работен век го минуваше вредно и совесно, ќе остане запомнет како основоположник на Клиниката за болести на забите и ендодонтот и македонската стоматологија.

Проф. д-р Иван Тавчиовски е роден на 25 ноември 1923 год., во Прилеп, Р Македонија. Средно образование, гимназија завршил во 1943 год. во Прилеп. Во 1953 год. дипломирал на Стоматолошкиот факултет во Белград.

Во 1961 г. ја одбранил хабилитационата теза на Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет во Скопје, под наслов „Инфицирана пулпа, проблем во конзервативната стоматологија".

Тој се вработил веднаш по дипломирањето, во 1955 год. Во периодот 1956 – 1959 год. ја изведувал наставата по дентална патологија, детска стоматологија и фармакологија во Училиштето за забари во Скопје. Во 1958 год. бил избран за асистент по предметот Стоматологија за студентите по медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, а со отворањето на Стоматолошкиот отсек, во 1960 год. бил избран за асистент по предметот Дентална патологија и терапија. Во звањето доцент на Медицинскиот факултет – Стоматолошки отсек, по овој предмет бил избран во 1961 год. Во 1967 год. бил избран во звањето вонреден професор. Во 1977 год. д-р Иван Тавчиовски бил избран за редовен професор на Катедрата за дентална патологија и терапија при Стоматолошкиот факултет во Скопје, а во ова звање се пензионирал во 1987 год.

Својот професионален профил професорот Тавчиовски го збогатил преку повеќе стручни усовршувања. Во 1958 год. бил на двомесечен престој на Клиниката за болести на устата при Стоматолошкиот факултет во Белград, кај професор д-р Лазар Петровиќ, а во 1960 г., шест месеци бил кај проф. Бергер. Таа година се запознал со загрепската и со љубљанската школа за дентална патологија и терапија, престо-јувајќи во Загреб кај проф. Њемировскиј и во Љубљана кај проф. Логар. Со европските дострели во стоматологијата проф. д-р Тавчиовски имал можност да се запознае престојувајќи два пати по еден месец во Париз, Франција, кај професор Дешом и кај проф. Бринел (1963 и 1965).

Научно-истражувачките преокупации на професор Тавчиовски биле насочени кон проучувањето на патогенезата на денталниот кариес, превенцијата на пулпата при длабок кариес и терапевтските можности при афекции на апикалниот пародонциум. Особен предизвик му претставувале истражувањата на фреквенцијата на кариесот во Р Македонија и примената на профилактички мерки.

Публицистичкиот опус на проф. д-р Иван Тавчиовски опфаќа 85 статии кои се објавени во домашни публикации.

Во периодот од 1975 год. до 1978 год. бил директор на Стоматолошките клиники.

Проф. д-р Тавчиовски, уште како асистент, бил активно вклучен во формирањето на наставните бази на денешниов Стоматолошки факултет во Скопје. Од 1971 год. до 1973 год. бил продекан на Медицинскиот факултет во Скопје. Тој бил прв декан на Стоматолошкиот факултет (1978-1980), а ваква доверба добивал уште во три мандатни периоди (1980-1982; 1984-1986; 1986-1988).

Во 1977 год. проф. д-р Тавчиовски бил еден од главните иницијатори за издавање на стручното гласило на стоматолозите од Македонија „Македонски стоматолошки преглед“, чиј главен и одговорен уредник бил во периодот од 1977 до 1988 год.

За резултатите од севкупната дејност професор Тавчиовски е добитник на Плакета од Сојузот на лекарските друштва на Југославија (1986), потоа на наградата „Климент Охридски“ (1987), Плакета по повод 30-годишниот јубилеј на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ (1989), Плакета по повод одбележувањето на 30-годишнината од формирањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје (1989) и Плакета од Сојузот на лекарските здруженија на Македонија.

Нашиот драг професор му го посвети целиот свој работен век на откривањето и на пренесувањето на тајните на стоматолошката мисла и практика, преку бројни публикации, истражувања, презентации, рецензии, сугестии, совети, со што остави неизбришливи траги кај сите генерации.

Делото на проф. д-р Иван Тавчиовски е особено вградено во темелите на Клиниката за болести на забите и ендодонтот, која прерасна во врвна здравствена установа во Р Македонија и пошироко.

Како доајен на македонската стоматологија иницирал и формирал бројни секции во многу градови низ Републикава, реализира многу контакти, средби и соработка со сродни институции и познати личности од сите области на стоматологијата и медицината.

Неговите заслуги се многубројни така што никогаш нема да има доволно зборови за да се презентираат неговиот придонес и постигнатите резултати како еден од втемелувачите на македонската стоматологија.

Драги професоре, ние поранешните ученици и студенти Ви изразуваме голема и вечна благодарност за Вашите долгогодишни напори, кои со голема пожртвуваност и ентузијазам ги вложувавте за оформувањето на квалитетни средно и високообразовни кадри од областа на стоматологијата.

Ние, Вашите соработници, Ви благодариме што секогаш ни го пренесувавте богатото клиничко и теоретско искуство, доследно нѐ стимулиравте да постигнуваме што повисоки резултати во научно-истражувачката и апликативната дејност, а многумина ги насочувавте и кон врвни дострели во стоматолошката наука.

Бевте пример за врвен стручњак, општественик, колега, соработник, основоположник и застапник на вистинската стоматолошка мисла и практика.

**Нека Ви е вечна слава!**

проф. д-р Љупка Матовска

# IN MEMORIAM

**Драг и почитуван професоре Ѓорѓи – Ѓоко**



Ние, Вашите колеги, соработници, и студенти од Стоматолошкиот факултет и ЈЗО Стоматолошки клинички центар, останавме непријатно изненадени, од веста за Вашата смрт – и на овој начин, уште еднаш сакаме да Ви оддадеме почит, во знак на трајно сеќавање на Вас и на нашата разделба.

Проф. Симов почина на 9 октомври 2002 год., почина како пензиониран редовен професор. Од сегашнава генерација вработени на Стоматолошкиот факултет и на ЈЗО Стоматолошки клинички центар, јас најдолго работев и соработував со Вас и заедно престојувавме една година во Берлин – Германија, така што тоа ме обврзува, но воедно ми е тешко и да напишам нешто за покојниот.

Симов (Ахил) проф. д-р Ѓорѓи е роден на 16 јануари 1930 год. во Гевгелија, Р Македонија. Средно образование, гимназија, завршил во Скопје, во 1949 год. На Стоматолошкиот факултет во Белград дипломирал во 1956 год. Со звањето специјалист по ортодонција со стоматолошка протетика се здобил во 1966 год., а во 1975 се здобил и со звањето примариус.

Во 1977 год. го одбранил хабилитациониот труд на Стоматолошки оддел при Медицинскиот факултет во Скопје, под наслов „Ретенција на тотална протеза".

Првото вработување на проф. д-р Ѓорѓи Симов било во 1956 год., во Стоматолошката служба на Здравствениот дом на Гевгелија. Во 1959 год. се вработил на Стоматолошкиот институт при Медицинскиот факултет во Скопје. Во 1960 год. бил избран за асистент по дентална протетика на Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет во Скопје, а во 1963 год. бил реизбран во истото звање. Во 1964 год. бил избран во звањето предавач на овој предмет. Звањето доцент на предметот Стоматолошка протетика го добил во 1967 год., а во 1978 год. бил избран за вонреден професор на Катедрата за фиксна стомато-лошка протетика при Стомато-лошкиот факултет во Скопје. Изборот за редовен професор на д-р Ѓорѓи Симов бил извршен во 1984 год. Во текот на работниот век проф. д-р Симов водел практична и теоретска настава за студентите, специјализанти. Тој бил ментор на повеќе магистерски и дикторски тези. Исто така, им давал и бројни здравствени услуги на пациентите. Се пензионирал во 1993 год. со звање редовен професор.

Проф. д-р Ѓорѓи Симов бил на повеќе стручни и студиски престои во Белград, Загреб, Љубљана. Во 1966/67 10 месеци престојувал кај професорот Флегел во Утрехт, Холандија, а во текот на 1978/79, една година бил кај професор Ајхнер во Берлин, тогашна Западна Германија.

Истражувачкиот дијапазон на професор д-р Симов, иако многу разновиден, сепак, е фокусиран на ретенцијата на тоталните забни протези и современите маси за отпечатување.

Публицистичкиот опус на професор Симов опфаќа 64 статии.

Проф. д-р Ѓорѓи Симов бил долгогодишен раководител на Катедрата за фиксна стоматолошка протетика при Стоматолошкиот факултет во Скопје и управник на истоимената клиника при ООЗТ Стоматолошки клиники. Во еден мандатен период (1975 –1977) бил продекан на Медицинскиот факултет во Скопје во чиј состав, во тоа време, се наоѓал и Стоматолошкиот оддел.

Проф. д-р Ѓорѓи Симов, како долгогодишен наставник по фиксна стоматолошка протетика, е автор на скриптата под наслов „Стоматолошка протетика: морфологија и коронки“ во издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 1981 год., и автор на поглавјето „Наши резултати со Ex-3-N-Gold материјалот за функционален отпечаток“ во книгата „Достигнувања во стоматолошката протетика“, во издание на „ЛИБЕР“ од Загреб (1977).

Професор д-р Симов бил активен учесник во универзитетскиот општествен живот. Бил член на Факултетскиот комитет на СКМ и на Акционата конференција на СКМ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Активно учествувал и во работата на органите на Стоматолошкиот факултет и на Стоматолошките клиники. Бил член и на Колегијалниот работоводен орган на Универзитетскиот центар за медицински науки.

За својата долгогодишна и плодна работа бил наградуван повеќе пати. Меѓу позначајните признанија и награди кои професор д-р Симов ги добил е Орденот заслуги за народ со сребрени зраци, доделен со указ на претседателот на поранешна Југославија (1979) и плакета по повод одбележувањето на 30-годишнината од формирањето на Стоматолошкиот факултет во Скопје (1989).

Смртта на проф. д-р Симов претставува голема загуба не само за неговото семејство, туку и за генерациите студенти – сега доктори стоматолози кои студираа во времето на неговиот активен работен век, за многуте стоматолошки санирани пациенти и, општо, за македонската стоматологија. Вас професоре и колега, ќе Ве помниме по Вашата работливост, упорност, праведољубивост, по колегијалниот однос и желбата секогаш да помогнете.

Животот почнува со плач и завршува со плач и никој не е вечен.

Нека Ви е вечна слава.

проф. д-р Ефтим Мирчев

# IN MEMORIAM

## АС. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА АТАНАСОВА



На 30 август 2001 г., многу рано и со многу недоостварени цели, нè напушти нашата колешка и соработничка, д-р Елизабета Атанасова, асистент на Клиниката за болести на устата и пародонтот при ЈЗО Стоматолошки клинички центар „Свети Пантелејмон" и Стоматолошкиот факултет во Скопје. Во нашата средина, како студент на Сто-матолошкиот факултет, дојде од Гимназијата „Орце Николов", во Скопје, во1978 година.

Ас. д-р Елизабета (Атанас) Атанасова е родена на 10 јуни 1960 год. во Скопје, Р Македонија. На Стоматолошкиот факултет во Скопје дипломирала во 1983 год. Во 1994 год. се здобила со звањето специјалист по болести на устата и пародонтот.

Со одбраната на магистерскиот труд под наслов „Клиничко-биометриска евалуација на слободниот гингивален и латералниот мукопериостален „pedicle" калем во третманот на гингивалната рецесија" на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во 1992 год., се здобила со научниот степен магистер на стоматолошки науки од областа болести на устата и пародонтот.

Во 1985 год. ас. д-р Елизабета Атанасова се вработува на Клиниката за болести на устата и пародонтот при ООЗТ Стоматолошки клиники. Во 1990 год. била избрана за помлад асистент на Катедрата за болести на устата и пародонтот при Стоматолошкиот факултет; во 1993 била избрана за асистент на оваа Катедра, а во 1997 год. е реизбрана во тоа звање.

Публицистичкиот опус на ас. д-р Елизабета Атанасова опфаќа вкупно 24 статии, од кои 22 се објавени во домашни и 2 во странски публикации.

Ас. д-р Елизабета Атанасова е добитник на пофалница од Македонското лекарско друштво (1995).

Обично, кога се пишуваат вакви сеќавања, се истакнуваат особините кои го красат човекот за време на животот, притоа понекогаш се губи мерката и ефектот станува спротивен, иако, често, на оние на кои многу им припаѓа, а тука секако спаѓа и нашата колешка Бети, нешто им е скратено. Дозволете ми да ѝ оддадеме скромна почит со „Слава ѝ" на нашата колешка Бети.

Проф. д-р Вангел Димитровски

# СВЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КОНГРЕС ВО КУАЛА ЛУМПУР

27. 9. - 1. 10. 2001 година

Од 27 септември до 1 октомври, во новиот милениум, се сретнаа стоматолозите од цел свет на Првиот светски стоматолошки конгрес. Иако конгресот е одржан во сенка на трагичните настани од терористичките напади во САД, тој сепак сосема ги исполни очекувањата, како на учесниците, така и на организаторите. И покрај малото учество на колегите од САД и од Европа, изложбата на стоматолошката опрема ја посетија повеќе од 8 000 посетители, речиси приближно до очекуваната бројка од 10 000.

Научниот дел од Програмата на Конгресот опфати повеќе од 30 сесии, на кои како предавачи се јавија педесеттина светски познати стручњаци. Предавањата кои ги следеа повеќе од 4 000 слушатели, опфаќаа широк спектар на теми, вклучувајќи ги најновите достигнувања во реставрационите материјали и техники во детската стоматологија, преку оралниот карцином и малигните лезии, фармакотерапијата во пародонталното лекување, денталната имплантологија и системските импликации од пародонталната болест и многу други.

Според мислењето на учесниците, Светската изложба на дентална опрема, која се одржа во Светскиот трговски центар Путра, е досега најдобро организираната. Вкупно 196 дентални компании ги прикажаа своите производи, на изложбен простор од 3 200 квадратни метри.

На Генералното собрание на Светската стоматолошка федерација учествуваа 106 делегати, меѓу кои и делегатот од Р Македонија, проф. д-р Миле Царчев. Сите се согласија со заклучокот дека е евидентно брзото ширење на Светската стоматолошка федерација, така што за 10 години двојно е зголемен бројот на нејзините членки. Денес во неа членуваат 115 редовни и 37 придружни членови.

Од страна на Собранието на ФДИ се дефинирани целите на Организацијата, за периодот 2001 - 2005 година. Една од одлуките е седиштето на ФДИ, наместо во Лондон како досега, да биде во Ferney-Voltaire, предградие на Женева, во близина на Светската здравствена организација и на Светската медицинска асоцијација. Цел на оваа одлука е да се воспостави поблиска соработка со овие два најзначајни промотора на здравјето во светот. ФДИ треба да ја унапреди соработката и со Меѓународната организација за стандардизација (ИСО), особено во утврдувањето на клиничките стандарди во стоматологијата.

Специјалниот комитет за унапредување на оралното здравје и за спречување на болести ја предложи стратегијата за давање помош во неразвиените земји и региони во светот.

Во Куала Лумпур, Комисијата за конгреси и едукација заклучи да ѝ предложи програма за континуирана едукација, со распоред на претстојните симпозиуми, курсеви и предавања кои ги организира секоја регионална асоцијација на ФДИ. Исто така, прифатена е кандидатурата на Сиднеј за организирање на Конгресот во 2003, на Њу Делхи (Индија) во 2004 и на Пекинг (Кина) во 2005 година.

На сите учесници ќе им остане во трајно сеќавање Конгресот кој се одржа во главниот град на далечната Малезија, особено по срдечниот пречек на домаќините. Сите беа импресионирани од прекрасниот град со многу зеленило, во кој доминираат двете највисоки згради на светот, кулите – близначки на компанијата „Петронас“, со нивните 452 метра височина. Учесниците долго ќе го помнат спектаклот кој се одржа на стадионот Путра за време на отворањето на Конгресот. Пред 8 000 присутни, Конгресот го отвори премиерот на Малезија кој е наш колега, стоматолог, по што се прикажа блескава и живописна парада на традиционални костими, игри и музика.

проф. д-р Миле Царчев

# VII КОНГРЕС НА БАЛКАНСКАТА СТОМАТОЛОШКА АСОЦИЈАЦИЈА 28 -30 АПРИЛ 2002 ГОДИНА, КУШАДАСИ, ТУРЦИЈА

Седмиот Балкански стоматолошки конгрес се одржа во познатото летувалиште во Турција, Кушадаси, на брегот на Средоземното Море. Во своето добредојде до учесниците на Конгресот, претседателот на BaSS проф. Nuri Yazicioglu истакна дека и покрај недоразбирањата и проблемите околу конституирањето на Балканската стоматолошка асоцијација, и околу нејзините активности во полето на трансферот на стоматолошката наука и во воспоставувањето контакти и пријателства, меѓу луѓето коишто покрај професијата ги поврзува културното и историското наследство, сепак тоа е голем успех за организацијата.

И покрај тоа што беше подготвуван во постојана трка со времето, на организацијата на Конгресот не можевме да ѝ најдеме некои поголеми забелешки. Тежина на научната програма дадоа предавањата на неколку познати имиња од светската стоматологија, со теми од следниве области: „Користењето на информационата технологија во унапредување на континуираната професионална едукација на стоматолозите", „Основи на адхезијата", „Оценка на одлучувачките фактори и предуслови за успех на протетско-имплантолошките реставрации", „Имедијатно поставување на супраструктурата на имплантите во беззабни вилици", „Третман на гингивалната рецесија", „Совладување на ризиците во текот на третманот на коренските канали", „Естетска рехабилитација на пациенти со дефекти на тврдите и меките ткива во максиларната регија", „Заштита при работа од јонизирачка радијација", „Продолжување на коронката за естетски цели во протетиката" и други.

Овој Конгрес се карактеризираше со бројноста на пријавените теми и покрај тоа што преовладуваа оние на домаќините – стоматолозите од Турција. Учесниците од Р Македонија шеесеттина, се претставија со 22 усни презентации од вкупно 231, како и со 43 постер–презентации од вкупно 415.

Освен со содржински богатата научна програма, учесниците на Конгресот имаа прилика да се запознаат со природните и историско-културните богатства на регионот којшто е еден од најголемите археолошки ризници во светот. Античкиот град Ефес со остатоците од монументалните градби ги чува сведоштвата за големиот освојувач Александар Македонски кој во 332 год. пр.н.е. во Мала Азија ги проширил своите космополитски идеи за свет без граници.

д-р Петар Чакар

# 91. СВЕТСКИ СТОМАТОЛОШКИ КОНГРЕС НА FDI ВИЕНА (АВСТРИЈА) 1. – 5.X 2002

Честа да го организира 91. Светски стоматолошки конгрес годинава ѝ припадна на Австриската дентална асоцијација. Интернационалната дентална асоцијација со помош на Австриската дентална асоцијација го организира овој Конгрес во Виена од 1 до 5 октомври 2002, во познатиот и преубав австриски конгресен центар (Austrija centar). Конгресот се одржа под покровителство на претседателот на Р Австрија, д-р Томас Клестил.

На овој импозантен собир присуствуваа околу 8000 стоматолози од цел свет, а со заедничка цел да научат и да согледаат нови сознанија од областа на стоматологијата, кои ќе ги применуваат кај своите пациенти.

Во научната програма, преку опширни предавања и со најнови искуства од современата стоматологија, слушателите ги информираа познати и признати стручњаци во оваа област.

Во текот на конгресните денови стручно-научната програма беше разновидна и содржински богата. Беа презентирани околу 200 усни излагања, 150 постери, слободни соопштенија и видеопрезентации.

Најголемо внимание предизвикаа предавањата од областа на имплантологијата, со нови аспекти кон протетската рехабилитација, потоа достигнувањата и техничките осовременувања на ортодонтската фиксна терапија, ендодонтската микрохирургија, превентивниот третман како значаен фактор во сузбивањето на кариесот и другите заболување во орофацијалната регија.

Во состав на Конгресот се организираа и workshop-работилници за секоја област од стоматологијата, чија посетеност зависеше од интересот на стоматолозите за одредена тематика.

Интернационалната дентална федерација (FDI) во состав на Конгресот одржа и симпозиуми, поделени според специјалности, како и претконгресни курсеви од сите области на стоматологијата.

На овој светски собир учествуваа и стоматолозите од Р Македонија, како рамноправна членка со другите земји.

Интересно беше да се разгледа и изложбата, поставена на три ката. На првиот кат беше презентирана стручна литература, односно книги, монографии, месечни списанија и разни други соопштувања и пропаганден материјал.

На вториот и третиот кат беа изложени стоматолошки машини, со комплетни интериери, односно како би требало да изгледа една современа амбуланта. Беа изложени и многу инструменти и материјали од најпознатите фирми од светот.

Сите учесници на Конгресот имаа можност делумно да ја разгледаат и преубавата Виена, со спомениците од Австро-унгарското царство, кои таму се чуваат и се реставрираат.

проф. д-р Јулијана Ѓоргова

# III КОНГРЕС НА СТОМАТОЛОЗИТЕ ОД Р МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

III Конгрес на стоматолозите од Р Македонија со меѓународно учество, под мотото **„Оралното здравје – наша парадигма"**, се одржа од 11 до 14 септември во Охрид, во хотелот „Метропол".

На Конгресот имаше и меѓународно учество, како и широка, масовна застапеност на македонскиот стручен стоматолошки потенцијал, така што можеме со дигнитет оваа средба да ја наречеме „Македонски национален стоматолошки конгрес".

Во организацијата на Конгресот активно беа вклучени креативните кадри на ЈЗО Стоматолошки клинички центар Свети Пантелејмон – Скопје, Стоматолошкиот факултет од Скопје, Стоматолошката комора на Р Македонија, Здружението на стоматолози од Р Македонија и Здружението на приватните стоматолози.

Со организацијата на Конгресот раководеа ас. д-р Владо Ванковски, претседателот на Конгресниот одбор проф. д-р Мирослава Стевановиќ, претседател на Научниот одбор и проф. д-р Елена Петкова, потпретседател на Конгресниот одбор.

На Конгресот учествуваа околу 600 стоматолози, авторитети од европските земји и од Р Македонија, ценејќи дека науката и професијата не знаат за граници и дека денес, повеќе од кога и да било, народите и државите се свесни за својата улога во интернационализирањето на придобивките од професијата и науката.

Покровител на Конгресот беше проф. д-р Ѓорѓи Оровчанец, тогашен министер за здравство на Р Македонија.

Конгресот го отвори ас. д-р Владо Ванковски, претседател на Конгресниот одбор. На свеченото отворање на Конгресот беше презентирана неговата главна тема: „Орално здравје – услов за психофи-зичката и социјалната благосостојба", од страна на проф. д-р Мирослава Стевановиќ. Свеченото отворање во живо се пренесуваше на Интернет.

Научната програма на III Конгрес на стоматолозите од Р Македонија се реализираше преку: пленарни предавања, усни соопштенија и постер–презентации, во три сали во хотелот „Метропол" во Охрид. Во секоја сала се одржуваа по две претпладневни и една попладневна сесија. Секоја сесија почнуваше со пленарни предавања, потоа следуваа усни презентации, дискусија и пауза. На учесниците им беа обезбедени услови за дија и видеопрезентации. Постерите беа изложени во две сесии, кои завршуваа со дискусија. На Конгресот беа презентирани 18 пленарни теми, 85 усни теми и 155 постери.

Во рамките на III Конгрес на стоматолозите од Р Македонија беше организиран курсот „Ласерите во стоматологијата". Работата на курсот се одвиваше во два дела: предавања и workshop работилница, а предавачи беа: проф. д-р З. Тројачанец (Скопје), проф. д-р В. Димитровски (Скопје), доц. д-р А. Марковиќ (Белград, Србија), доц. д-р Ц. Узунов (Софија, Бугарија).

Официјални јазици на кои се зборуваше на Конгресот беа македонскиот и англискиот.

Во состав на III Конгрес на стоматолозите од Р Македонија, во хотелот „Белви", беше организирана комерцијална изложба од реномирани производители на стоматолошка опрема, инструменти и материјали, така што посетителите можеа да видат сѐ што е ново на светскиот стоматолошки пазар.

На свеченото затворање на Конгресот, во знак на признание и благодарност за особените заслуги за успешноста на конгресот, организаторот додели признанија и награди:

- Плакети – за придонес во реализацијата на научната програма на Конгресот и за учество во почесниот одбор и придонес за Конгресот;
- Благодарници во знак на признание за придонес во реализацијата на научната програма на Конгресот;
- Награди за три најдобри усни и три најдобри постер–презентации.

Како домаќини на III Конгрес на стоматолозите од Р Македонија со меѓународно учество се залагавме како негов приоритет да доминира усовршувањето на знаењето во професијата, како исклучителна придобивка во стоматолошката дејност, зашто веруваме дека таа придобивка ќе може да му послужи на нашето општество како инвестиција во општото здравје на луѓето за во иднина.

проф. д-р М. Стевановиќ

# СЕКЦИЈА ЗА СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА

Во мај 2000 година е реактивирана Секцијата за стоматолошка протетика. Пред тоа, последниот состанок е одржан во декември 1994 година. Тогаш е составен и Управен одбор, кој од низа причини, повеќе материјални и други објективни, но најмалку по вина на раководството, не успеа Секцијата да функционира сè до 2000 година. Оваа Секција, како и другите стоматолошки секции замреа. Во својство на тогашен претседател на Управниот одбор го свикав Претседателството на Секцијата, за да се договориме за нејзиното натамошно активирање или, евентуално, тоа да им се препушти на други. Сите беа расположени да работат и Секцијата да се реактивира.

Со особено ангажирање на Претседателството се закажа стручно-научен состанок во Виница. Присутните протетичари, повеќе од 130, ја поддржаа иницијативата на стариот Управен одбор и заседоа став тој да не се менува, само да се дополни со некои членови кои беа пензионирани или преселени надвор од Републикава. Така, се формира „старо-ново" Претседателство (Управен одбор) на Секцијата за стоматолошка протетика при Здружението на стоматолозите на Македонија. Во Управниот одбор членуваат:

проф. д-р Ефтим Мирчев, претседател;
проф. д-р Елена Петкова, потпретседател;
проф.д-р Крсте Дејаноски, секретар

Членови:
д-р Драги Илиоски, Медицински центар – Битола,
д-р Мери Шапуриќ, Здравствен дом – Скопје,
д-р Сезар Сагири, Медицински центар – Гостивар,
д-р Марија Манева, Медицински центар – Кочани,
д-р Душко Атанасов, Здравствен дом – Делчево,
д-р Јелица Кртолица, Приватна здравствена организација – Скопје,
д-р Лорета Василева , Медицински центар – Велес,
д-р Даница Јованова, Медицински центар – Кавадарци

На овој конститутивен состанок на Претседателството на Секцијата е договорено секоја година да се организираат по две стручно-научни, еднодневни собири (во првата и во втората половина од годината), во различни градови од Републиката, односно според тоа кој ќе прифати да биде домаќин и да обезбеди спонзорство за манифестацијата. Гледано од денешен аспект, се чувствува потреба некои членови од Управниот одбор, од објективни причини, да се заменат со нови, а тоа прашање ќе се постави на една од следните седници.

Во изминатиов тригодишен период (2000, 2001, 2002 год.) Секцијата за стоматолошка протетика работи постојано и многу активно, одржани се и пет стручно-научни собири. Поради состојбата во Републикава, не се одржа пролетниот собир во 2001 година.

На 23 јуни 2000 год. во Виница се одржа собир, кој беше доволно посетен (што е вообичаено за сите досегашни собири). Домаќин и спонзор беа градоначалникот на Виница, Горан Ангелов и АД „Реплек".

Стручната програма ги опфати следниве теми:

1. Клиничко-лабораториски аспекти на лингвализираната оклузија, Љ. Гугувчевски
2. Терапевтски пристап на другите мандибуларни корени, унилатерално; мостовски конструкции или парцијални протези, Г. Ковачевска, Е. Петкова, Ј. Николова
3. Терапија со фиксни конструкции кај случаи со редуциран пародонт, Б. Капушевска, Е. Мирчев

4. Ксеростомија: проблеми кај носителите на тотални протези, Н. Јанева, Д. Велески, С. Панчевска
5. КаВо коронофлекс 2005 – апарат за ефикасно и безболно вадење на фиксно-протетичките конструкции, А. Јовановски, И. Стоев

На 15 декември 2000 год., во Велес се одржа Вториот стручно-научен собир на членовите на Секцијата за стоматолошка протетика. Покровител беше Медицинскиот центар, претставуван од помошник-директорот д-р Атанас Василев, а во стручната програма беа презентирани следниве теми:

1. Препарација на заби за метал-керамички изработки, Ј. Бајевска, Е. Мирчев
2. Отпечатоци за покривни протези, К. Дејановски, А. Спирова, А. Ангелова
3. Современи средства за дефинитивно цементирање и нивниот избор во зависност од видот на фиксно–протетичката изработка, Е. Мирчев, Д. Петровски, М. Манева

Како што наведовме, во 2001 год., не се одржа пролетната средба.

На 23 ноември 2001 г., во Пробиштип се одржа Третиот стручно-научен собир на протетичарите. Покровител беше директорот на Здравствениот дом во Пробиштип, д-р Трајче Стојковски. На овој собир се донесе одлука на следните собири да се поканува по еден гостин-предавач од другите секции, со тема која е поврзана со протетиката. Стручната програма опфати:

1. Протетички третман на принудно прогено загризување (приказ на случаи), Љ. Гугувчевски, В. Ванковски, С. Панчевска, Бл. Даштевски
2. Кратки клинички коронки, предизвик за естетско функционална рехабилитација, С. Гачжева-Цветкова, М. Сотировиќ, Е. Петкова
3. Протетско-ортодонтски третман на малоклузии, Т. Бојаџиев, Б. Даскалова, Р. Јанев, Н. Симоновски
4. Нашето искуство во третманот на стоматитис протетика, С. Еленчевски

На 31 мај 2002 год., во хотелот „Спиро Захов“ во Банско, се одржа Четвртиот стручно-научен собир на протетичарите од Р Македонија. Покровител беше управата на Медицинскиот центар, во организација на д-р Томо Лазаров. Програмата ги опфати следниве теми:

1. Фријалит-2 имплант систем, Ј. Јанев
2. Улогата на протетичарот во изработката на супраструктурите на имплантот, Е. Мирчев, Д. Петровски
3. Клиничкото искуство со изработката на супраструктурите на имплантите, Д. Велевски, Ј. Јанев, С. Богдановски, Д. Петровски
4. Состојбата на пародонциумот околу забите згрижени со коронки, фасетирани со керамички маси и изработени од различни терапевти, К. Гетов

На овој собир се даде иницијатива да се поттикнат специјализантите по стоматолошка протетика, да учествуваат во стручната програма, со свои специјалистички трудови, а се надеваме дека тоа и понатаму ќе остане практика.

Последната стручно-научна манифестација на протетичарите се одржа на 15 ноември 2002 год. во репрезентативната сала на АД „Реплек“ и „Реплек – фарм“ во Скопје. Прекрасни домаќини беа горенаведените фирми, претставувани од магистер Душан Туџаров, ген. директор, д-р Иван Туџаров, претседател на Управниот одбор, магистер Даница Зимбакова, директор на Реплек–фарм, магистер Гордана Ширкова, директор на МИС во „Релек – фарм“.

Стручно-научната програма опфати:

1. Ендодонтскиот третман како интегрален сегмент на протетичката реставрација, Љ. Матовска, С. Апостолска, М. Недел-кова, П. Алексова
2. Нови техники за хемостаза и подготовка на гингивалниот сулкус за отпечатување, Г. Ковачевска, Е. Петкова, Д. Петровски, Ј. Николовска
3. Проценка на конвергенцијата меѓу спротивните вертикални страни кај препарираните заби, Н. Гиговски, Е. Петкова, Е. Шабанов, К. Дејановски

4. Состојбата на пародонциумот кај вештачките коронки со различна локализација на демаркационата линија, Д. Трајкова, Ј. Бајевска
5. Вентор – Имате болка ? Победете ја! С. Донева – Ичева
6. Антибиотска терапија со препаратите на „Реплек – фарм", Д. Јовановски

Треба да се напомне и тоа дека во секоја стручно-научна манифестација е вклучен и богат коктел или ручек за сите учесници, при што се водат многу стручни дискусии, има дружење и, речиси секогаш, собирите се збогатени со песна, игра и добро расположение. Веруваме дека од овие средби сите се задоволни, среќни што слушнале нешто ново, со што го збогатиле или го обновиле старото знаење, се сретнале со колегите, се потсетиле на разни пријатни моменти, различни од секојдневната монотонија.

проф. д-р Ефтим Мирчев,
претседател на Секцијата на протетичарите

## НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ДИПЛОМИРАА ВО 2001 И 2002

1. ТРАЈКОВСКА Предраг ДАНИЕЛА 19. I 2001 Куманово
2. КОСТОВА Драган ГОРИЦА 29. I 2001 Скопје
3. ДИМЕСКА Симеон КАТЕРИНА 29. I 2001 Прилеп
4. МИЛОШЕВИЌ Слободан МИЛЕНА 30. I 2001 Куманово
5. СПИРОВ Васил ВАНЧО 30.1 2001 Скопје
6. СТОЈМАНОВСКА Мирко ТАТЈАНА 23. I 2001 Куманово
7. МИЦАЈКОВ Манчо ИГОР 30. I 2001 Кавадарци
8. СТОЈАНОВА Трајко МАРИНА 30. I 2001 Струмица
9. АРСОСКА Ратко АЛЕКСАНДРА 5. II 2001 Куманово
10. БОЈКОВСКА Стефан ДИЈАНА 5. II 2001 Скопје
11. ПЕТКОВСКА Слободан РОКСАНА 22. II 2001 Струмица
12. ШАБАН Јакуп СУЗАБИ 28. II 2001 Гостивар
13. ЧАМУРОВСКА Лазо ЈУЛИЈА 28. II 2001 Скопје
14. ТАЛЕСКА Живко МИЛЕНА 28. II 2001 Прилеп
15. МИСИРЛИ Садик БУСАЊЕ 28. II 2001 Скопје
16. ПАВЛОВСКИ Јован ПЕТРЕ 5. III 2001 Битола
17. МИХАЈЛОВСКА Михаило БИСЕРА 6. III 2001 Скопје
18. БОСАНАЦ Васо МАРА 7. III 2001 Струмица
19. МИТЕВА Георги НИНА 23. III 2001 Скопје
20. НЕДЕВА Блажо ЈАСНА 23. III 2001 Скопје
21. ТАШЕВСКА Петар МАРИЈА 23. III 2001 Скопје
22. МАНДАЛОВСКА Никола КОСТАДИНКА 28. III 2001 Скопје
23. СЕРАФИМОВСКА Ѓорѓи БОРКА 28. III 2001 Скопје
24. ФИЛИПОВСКА Илија АЛЕКСАНДРА 28. III 2001 Скопје
25. ВЕЛЈАНОВСКИ Новица ДАРКО 30. III 2001 Скопје
26. ДОНЕВСКА Видосав МАЈА 5. IV 2001 Скопје
27. ТУПАРЕСКА Спирче ИРЕНА 5. IV 2001 Скопје
28. КАРАЃОЗОВА Аврам МАРИЈА 6. IV 2001 Скопје
29. ПОСТОЛСКА Страхил ЕЛЕНА 18. IV 2001 Скопје
30. ТИМОВСКА Лазо СЛАВИЦА 18. IV 2001 Штип
31. ЖУНГУЛОВ Генадие АШТОНИЕ 19. IV 2001 Скопје
32. ЏИМРЕВСКА Јордан МАРИЈАНА 25. IV 2001 Куманово
33. НИКОЛОВСКИ Кирил ЃОРЃИ 27. IV 2001 Скопје
34. СИМОНОВСКА Милчо ТАМАРА 27. IV 2001 Скопје
35. ЦВЕТАНОВСКИ Никола БОБАН 27. IV 2001 Гостивар
36. ЕВРОСИМОВСКИ Томе ТОНИ 30. IV 2001 Скопје
37. ИВАНОВА Тоше БИЛЈАНА 3. V 2001 Скопје
38. ИВАНОВА Иван ВЕСНА 3. V 2001 Кочани
39. ЈАКОВЛЕВСКА Сокол ВАЛЕНТИНА 4. V 2001 Кавадарци
40. КОСТОВ Страшо СЛОБОДАН 11. V 2001 Кавадарци
41. МИРЧОВСКА Иван КАТЕ 11. V 2001 Скопје
42. АЛИЛИ Џемал ИБРАИМАЛИ 22. V 2001 Куманово
43. СТОЈКОВСКА Благоја ГОРДАНА 23. V 2001 Куманово
44. ПАНЧЕВСКА Кирил НАТАША 26. V 2001 Струмица
45. ДУЕВА Живко ВЕНЕРА 29. V 2001 Гевгелија
46. КАРТАЛОВА Христо БИЛЈАНА 29. V 2001 Скопје
47. КОСТОВСКА Каме ЛЕПОЛДИНА 29. V 2001 Битола
48. ДОЈЧИНОВСКА Дојчин ТАЊА 30. V 2001Скопје
49. ЃОРЃЕСКА Петар СОЊА 30. V 2001 Тетово
50. ТАСЕВСКИ Коте ТОМЕ30. V 2001 Скопје
51. СТОЈАНОВА Љубенчо ВЕСНА 31. V 2001 Велес
52. ТАШКОВСКА Борис АНА 31. V 2001 Скопје
53. ПАНДОВСКА Ламбро МИТА 1. VI 2001 Скопје
54. ТАСЕВСКА Владимир АНДРЕЈА12. VI 2001 Скопје
55. ПАВЛЕВСКА Илија НАТАША 21. VI 2001 Скопје
56. ТОПУЗОВСКИ Зоран ЃОРЃИ 22. VI 2001 Гостивар
57. ТОДОРОВСКА Круме ЕЛЕНА 28. VI 2001 Куманово
58. СОФРОНИЕВСКА Андреј АЛЕКСАНДРА 28. VI 2001 Скопје
59. ДИМИТРОВСКИ Тодор ДЕЈАН 29. VI 2001 Битола
60. ТУЛЕВА Благој ТАТЈАНА 29. VI 2001 Штип
61. ПЕТРОВСКА Димитар ЕЛЕНА 29. VI 2001 Делчево
62. ДРИТАН Рахим АГАЈ 29. VI 2001 Скопје
63. ПЕТРЕВСКА Димитар ЕЛЕНА 29. VI 2001 Делчево
64. СОКОЛОВСКА Илија БИЉАНА 2. VII 2001 Куманово
65. НОВИЌ Марко ОЛИВЕРА 3. VII 2001 Скопје
66. ГЕОРГИЕВА Дончо АНА 5. VII 2001 Велес
67. САМАРЏИЕВА Иван НАДИЦА 6. VII 2001 Струмица
68. МАРДЕКТАНИ Асл Абдал АЛИ 6. VII 2001 Иран
69. НАСТОВА Андон БИЛЈАНА 9. VII 2001 Велес
70. РУЗБЕ Хајмарат ЗАНДИЈАН 10. VII 2001 Иран
71. ТОДОРОВА Јовче ЛЕЛА 10. VII 2001 Скопје
72. СТОЈАНОВСКИ Глигор НИКОЛА 10. VII 2001 Скопје
73. ЈАНКОВСКА Анѓелко АНАСТАСИЈА 10. VII 2001 Тетово
74. ДОНЕВ Димитар АЛЕКСАНДАР 10. VII 2001 Скопје
75. ЈАКОВЛЕВСКА Мојсо МИРЈАТА 10. VII 2001 Скопје
76. ПАНОВА Боро САШКА 12. VII 2001 Виница
77. КАЛАНОСКА Владо ГАБРИЕЛА 16. VII 2001 Струга
78. ШАШКО Хусеин ЕНЏЕЛ 16. VII 2001 Сруга
79. ЃОРЃЕВА Томе ДАНЧЕ 18. IX 2001 Струмица
80. ИБРАИМИ Ибраим ЏЕЉАЉ 24. IX 2001 с. Требиште
81. ГАЦОСКИ Анастас СТАВРЕ 25. IX 2001 Струга
82. СТАКИНОВА Наце САНДРА 2. X 2001 Скопје
83. ПОП-МЕТОДИЕВ Кирил НИКОЛА 3. X 2001 Штип
84. ЏАЈКОСКИ Михаил ИЛИЈАС 4. X 2001 Скопје
85. ДИМИТРОВСКА Љупчо МАЈА 4. X 2001 Битола
86. КАРАФИЉКОСКА Славчо ЕМИЛИЈА 5. X 2001 Скопје
87. ВЕЛЕВСКА Драгољуб ДАНИЕЛА 30. X 2001 Скопје
88. ДИМИТРОВА Димитри САША 30. X 2001 Скопје

89. СТЕФАНОВИЌ Душан ДУШАНКА 30. X 2001 Скопје
90. АНДОНОВСКА Гоце КАТЕРИНА 2. XI 2001 Ресен
91. БОГДАНОВСКА Слободан НАТАЛИЈА 5. XI 2001 Скопје
92. ВЕЛОВСКА Бранко ЛИДИЈА 14. XI 2001 Битола
93. ДИМИТРОВСКА Митко НАТАША 21. XI 2001 Ресен
94. ЏЕЛИЛИ Назми АБДИРАХМАН 21. XI 2001 Гостивар
95. ЈОВАНОВСКИ Драги ИГОР 26. XI 2001 Струмица
96. СТАНКОВ Славчо ПЕТАР 28. XI 2001 Скопје
97. ФЕТАИ Неази АФРИМ 29. XI 2001 с. Синичани
98. ТРЕМБЕЛИЕВА Костадин БИЛЈАНА 3. XII 2001 Скопје
99. ШИШКО Хамди ФЛОРИН 5. XII 2001 Гостивар
100. ВАСИЛЕВА Петре ТАЊА 6. XII 2001 Струмица
101. СЕРАФИМОВА Атанас МАРИНА 6. XII 2001 Штип
102. ЈАНКОС Христо МИТКО 10. XII 2001 Прилеп
103. СКЕНДЕРИ Ирфан АРИЕТА 10. XII 2001 Тетово
104. СТОЈАНОВА Велин ГАБРИЕЛА 11. XII 2001 Германија
105. АДИЛИ Абдулаќим ХАКИ 14. XII 2001 с Дебреше
106. СТОЈАНОВСКИ Милан ВИКТОР 20. XII 2001 Штип
107. МЕМИЌ Туфо ЕНИСА 21. XII 2001 Скопје
108. БОБЕВ Илија ПЕРИЦА 25. XII 2001 Прилеп
109. МИТЕВСКА Орце ДАНИЕЛА 26. XII 2001 Св. Николе
110. ВЕЛИЧКОВСКА Томе ВИОЛЕТА 25. XII 2001 Скопје
111. МЕМЕТИ Неџбедин ЈЕТМИР 25. XII 2001 Тетово
112. СИНАНИ Неџбедин ЈАМИН 27. XII 2001 с Речане
113. СИЛЈАНОВСКИ Леон ВИКТОР 8. I 2002 Скопје
114. НЕШКОВСКА Гоце АНЕТА 8. I 2002 Битола
115. ПЕТРЕВА Ѓорѓи АНЕТА 9. I 2002 Св. Николе
116. МИХАЈЛОВСКИ Вељо ЉУПЧО 11. I 2002 Скопје
117. СЕИЗОВА Љубељн САЊА 19. I 2002 Скопје
118. СТОЈАНОСКА Слободан МАЈА 30. I 2002 Скопје
119. ПОПОСКИ Јован ЛАЗАР 30. I 2002 Охрид
120. АЛЕКСОВ Трифун ГОРАН 30. I 2002 Виница
121. ПЕТРОВСКА Илија РАДИЦА 30. I 2002 Скопје
122. КРСТЕВА Кирил ВАСКА 30. I 2002 Струмица
123. БОЖИНОСКА Ангел ТАТИЈАНА 1. II 2002 Скопје
124. КАРАСКАКОСКА Симе СОФИЈА 4. II 2002 Куманово
125. БОГУЧЕВСКИ Данило ЗЛАТКО 7. II 2002 Гостивар
126. ЃОЃИЕВСКА Драги СЕНИА 12. II 2002 Штип
127. МАНАСИЕВ Гоше ОЛИВЕР 15. II 2002 Кочани
128. ПАУНОВ Стефан МИЛЕ 22. II 2002 Струмица
129. МИРТО Јусуф АЗЕМИНА 22. II 2002 с. Ростуше
130. ЦВЕТКОСКА Лазо ЕЛЕНА 28. II 2002 Прилеп
131. ВАНЧЕВ Петар БЛАЖЕ 4. III 2002 Прилеп
132. ИБРАИМИ Мехмед ФИСНИК 4. III 2002 Тетово
133. АТАНАСОВСКА Спиро АНАСТАСИА 4. III 2002 Крушево
134. АЛЕКСОВСКА Ордан СЛАВИЦА 11. III 2002 Скопје
135. ШАПКАРЕВА Ѓорѓе ТАЊА 11. III 2002 Скопје
136. ИЛИЕВСКА Панче ТАЊА 27. III 2002 Куманово
137. АРСОВСКА Илија МИМИЦА 28. III 2002 Кочани
138. КАРАПЕТРЕСКА Алексо АНДРИЈАНА 1. IV 2002 Тетово
139. СЛИФОВСКА Беадин ЕЛВЕРТА 2. IV 2002 Охрид
140. МУСТАФОВА Хикмет СИБЕЛ 2. IV 2002 Струмица
141. БИРСЕН Махут ЕЛМАС 2. IV 2002 Турција
142. ЃУРЧЕСКА Душан СЛАВИЦА 3. IV 2002 Штип
143. АРСОВСКА Иван ИРЕНА 4. IV 2002 Куманово
144. ЦВЕТАНОВСКА Радојко ДАНИЕЛА 5. IV 2002 Скопје
145. ТРПЕСКА Богоја СОЊА 5. IV 2002 Камбера
146. НИКОЛОВ Иван ОЛИВЕР 5. IV 2002 Скопје
147. СТОИЛКОВСКА Часлав НАТАЛИЈА 8. IV 2002 Куманово
148. СЕЛМАНИ Алил ГАЗМЕНТ 8. IV 2002 Гостивар
149. ЗЕНДЕЛИ Халил ЛИНДИТА 17. IV 2002 Скопје
150. АДЕМИ Фета НЕЏАТ 18. IV 2002 с. Челопек
151. СВИРКОВА Симо ДИВНА 26. IV 2002 Ресен
152. ИЛИЕВСКА Павле АЛЕКСАНДРА 26. IV 2002 Куманово
153. ЈАНЕВ Димитар АЛЕКСАНДАР 26. IV 2002 Струмица
154. ГОШАРЕВСКИ Арсе ЖИВКО 29. IV 2002 Ресен
155. СИЉАНОСКА Петко ВЕСНА 29. IV 2002 Кичево
156. МУРТЕЗАНИ Сулејман АРБЕН 30. IV 2002 Тетово
157. МАНЧОВСКИ Јованчо КРИСТИЈАН 30. IV 2002 Битола
158. КРАЉЕВСКА-МИЛКОВСКА Стојанче СИЛВАНА 7. V 2002 Скопје
159. АНТОВСКА Глигур ЈУЛИЈАНА 7. V 2002 Тетово
160. КОЦЕВА Орданчо СЛАВИЦА 7. V 2002 Гевгелија
161. ИВАНОВСКА Петар МИЛЕНА 7. V 2002 Прилеп
162. БОГДАНОСКА Чедомир АНИТА 7. V 2002 Прилеп
163. ДРЛЕСКА Ангеле ЛИДИЈА 7. V 2002 Прилеп
164. БАНИШКИ Милчо БОРО 16. V 2002 Скопје
165. СТЕФАНОВА Иван МАРИКА 16. V 2002 Гевгелија
166. АПОСТОЛОВА Методи КАТЕРИНА 16. В 2002 Кочани
167. ФУЗЕВСКИ Данаил ГОРАН 24. V 2002 Ресен
168. ЈАХЈА Таџедин БЕСИМ 24. V 2002 Гостивар
169. ВЕРУШ Петар САЊА 29. V 2002 Струга
170. КИМОВА Киро НАТАЛИЈА 5. VI 2002 Валандово
171. ЗДРАВЕВСКИ Трајче БОРЧЕ 5. VI 2002 Велес
172. ЈУРУКОВСКА Диме ВЕСМА 7. VI 2002 Скопје
173. БЕЌИР Сулејман САЛАХАТ 7. VI 2002 Скопје
174. САЛАИ Арун РЕМЗИ 14. VI 2002 с. Неготин
175. ГЕОРГИЕВСКА Андреа МАРИНА 14. VI 2002 Скопје
176. СОФРОНИЕВСКИ Стојан САША 14. VI 2002 Битола
177. НИКОЛОВСКИ Никола ЗОРАН 14. VI 2002 Ресен
178. БУНДЕЛЕВСКА Славко АНА 19. VI 2002 Скопје
179. МАРКОВСКИ Стојан ЉУПЧО 20. VI 2002 Скопје
180. БОЖИМОВСКА Живко НАТАША 21. VI 2002 Скопје
181. ПОПОВСКИ Петре КРИСТИЈАН 25. VI 2002 Скопје
182. ТРАЈКОВСКИ Љупчо ОЛИВЕР 28. VI 2002 Скопје
183. НЕЧАКОВСКИ Киро АЛЕКСАНДАР 28. VI 2002 Битола
184. БИТРАКОВ Михаил СЛАВЧО 3. VII 2002 Скопје
185. МИЛЕНКОВИЌ Жарко МИЛОРАД 8. VII 2002 Скопје
186. СИЛЈАНОСКА Симон НАТАША 8. VII 2002 Битола
187. БЛАГОЕВСКИ Петар МИТКО 9. VII 2002 Скопје
188. ЧЕКОВИЌ Азем ЕНИС 10. VII 2002 Тетово
189. ТОДОРОВСКА Ристо ВЕСНА 11. VII 2002 Скопје
190. ДЕЈАНОВСКА Крсте ТАЊА 12. VII 2002 Скопје
191. ПЕТКОВ Ристо МАРЈАН 5. IX 2002 Скопје
192. ПЕТКОВ Ристо МАРИН 5. IX 2002 Скопје
193. ЦАРЧЕВА Миле СОФИЈА 11. IX 2002 Скопје
194. ЛАЗАРЕВСКИ Слободан ОЛИВЕР 23. IX 2002 Скопје
195. АНВАРИ Мохамед АТИЛА 24. IX 2002 Иран
196. ШАБАНИ Ридван АГРОН 24. IX 2002 Куманово
197. ЈОВАНЧЕВ Тихомир ПАВЛЕ 30. IX 2002 Штип
198. ГАЦОВ Ѓорѓи ДЕЈАН 10. X 2002 Скопје
199. КУШЕВСКА Љубомир КАТЕРИНА 18. X 2002 Скопје
200. СТОЈАНОВСКИ Драган МАРЈАН 18. X 2002 Скопје
201. АНДОНОВСКА Андон БИЛЈАНА 21. X 2002 Скопје
202. ДАЦИС Скендер АРИЈАН 25. X 2002 Скопје
203. ТРЕНЕВА Панчо САВЕТКА 25. X 2002 Струмица
204. ЗАРЕВСКА Илија СОТИРКА 25. X 2002 Скопје
205. АЦЕВСКИ Владимир ТОДОР 30. X 2002 Тетово
206. ТОДОРОВА Иван ДАНИЕЛА 31 X 2002 Штип
207. СИМОНОВСКИ Нестор ЈОЦО 6. XI 2002 Скопје
208. РИСТЕСКИ Борис ПЕТАР 20. XI 2002 Прилеп
209. ЈОВЕВА Стефан АВГУСТИНА 25. XI 2002 Охрид